ДО

Демократска партија на Албанците
Плоштад Илирија 15/1, 1200 Тетово,
Република Македонија
- за претседателот на партијата -
- за идните пратеници во Собранието на Републиката -

Почитувани сограѓани,

Тешко ми е што морам да Ви пишувам само неколку дена по најмирните избори некогаш одржани во слободна и демократска Македонија, но цената на слободата е вечна будност.

Како што веројатно веќе знаете, рано наутро на 6-ти јуни на плоштадот Македонија во Скопје почина млад човек откако бил претепан од лице за кое Министерството за внатрешни работи објави дека е работник на полицијата.

Ова не е прв ваков настан, но се надевам дека ќе биде последен. Слабата контрола над полицијата води до многу проблеми. Се чини дека препораките на МВР за однесувањето на полицијата важеа само до завршувањето на изборите на 5-ти јуни 2011 година.

Затоа од вас како мои претставници во законодавниот дом на Републиката, барам да го промените законот што го регулира работењето на полицијата и тоа да биде прва точка на дневниот ред по свечената седница во парламентот, за која се надевам дека ќе биде и комеморативна.

Моите барања до вас за измените на законите се како следи:

1. Распуштање на специјалните единици на полицијата како што се „Алфи", „Тигри" и други.

2. Задолжително присуство на униформиран полициски работник при секој контакт на полицијата со граѓаните.

3. Избор на министер и заменик министер на МВР со консезус помеѓу сите политички партии.

4. Задолжително доделување на општествено корисна работа на сите полициски работници како дел од секојдневните работни обврски. Задолжителна обука за контрола на гнев за сите полициски работници.

5. Зголемена контрола над Министерството за внатрешни работи од страна на

Собранието на Републиката за која ќе можеме да сведочиме преку месечни извештаи или слично.

6. Зголемени казни во Кривичниот законик за делата што работници во МВР ќе ги сторат без разлика дали се или не се во служба / на работа.

7. Намалување на буџетот на МВР за секое кривично дело што ќе ги изврши негов работник.

8. Замена на Секторот за внатрешна контрола со независно тело.

9. Контрола при вработувањето на нови кадри во МВР од страна на независни граѓански комисии кои ќе имаат контролна функција за проверка на криминалното минато на апликантите.

10. Јавно достапни на интернет работни истории (CV-ја) со сите информации за дисциплиски казни, психолошки профили и слично на сите работници во МВР.

11. Доколку тоа не го сторат сами, актуелните функционери во МВР кои што се одговорни за случувањата во полицијата поврзани со овој немил настан во кој елитна единица за контратероризам се користела за обезбедување на плоштад, да ги разрешите и отпуштите од работа.

Се надевам дека ќе посветите нужно потребно време на овие мои барања. Се надевам исто така дека ќе ги сфатите сериозно.

Вашата работа и обврска во Собранието на Републиката е да ја осигурате слободата во Републиката.

Со тага,
Име и презиме

___________________________

Адреса

___________________________

Потпис

___________________________